# ЗА ПОДОБРА

## САБОТНА ШКОЛА





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2026

*Сабота, 4 април 2026*

## 1. ЗНАК НА ХРИСТИЈАНСТВОТО

**„На Оној Кој, според силата што во нас дејствува, може да изврши изобилно далеку повеќе од сè што бараме или можеме да помислиме.“ (Ефесјаните 3,20)**

Преку припадниците на својот народ Господ чека да ја покаже својата благодат и својата моќ. Меѓутоа, од оние кои ќе се вклучат во Неговата служба, Тој бара своите мисли секогаш да ги упатуваат кон Него. Секој ден треба да одвојуваат време да ја читаат Божјата Реч и да се молат...

Како поединци и ние треба да одиме и да разговараме со Бога; потоа светото влијание на Христовото евангелие во сето свое совршенство ќе се покаже и во нашиот живот (6Т 253)

Постои речитост далеку посилна од еден добар говор, а тоа е доследниот живот на непорочниот и вистински христијанин. Она што човекот е, тоа е далеку повлијателно од она што го кажува.

Слугите на фарисеите кои биле испратени да го следат Исуса, се вратиле со извештај дека ниеден човек никогаш не зборувал како Него. Меѓутоа, причината за тоа се криела во фактот дека ниеден човек никогаш не живеел како што живеел Тој. Да, ако Неговиот живот бил поинаков од она што самиот бил, Тој не би можел да зборува како што зборувал. Неговите зборови имале во себе уверлива сила, бидејќи доаѓале од чисто и свето срце, полно со љубов и сочувство, добрина и вистина.

Токму нашиот карактер одредува какво ќе биде нашето влијание на другите. За да можеме да ги осведочиме ближните во силата на Христовата благодат, ние мораме да ја запознаеме нејзината сила во својот живот и во своето срце. Евангелието, кое го претставуваме како сила за спасение на душите, мора да биде евангелие со кое е спасена нашата душа. Единствено со жива вера во Исуса Христа како личен Спасител можеме да успееме нашето влијание да се чувствува во овој свет што се сомнева. Ако сакаме грешниците да ги извлечеме од брзата матица на реката на овој свет, нашите стапки мораат да бидат цврсто поставени на Карпата, на Исуса Христа.

Обележјето на христијанството не е некој надворешен знак, тоа не е носење на крст или круна, туку она преку кое се открива единството меѓу човекот и Бога. Со силата на Неговата благодат, која се покажува преку преобразувањето на карактерот на верникот, светот треба да биде осведочен дека Бог го пратил својот Син да стане нивни Откупител. Ниедно друго влијание на кое е изложена човечката душа не може да има толкава сила како влијанието на несебичниот живот. Најсилен доказ во прилог на евангелието е христијанинот кој ги сака луѓето и кој е достоен луѓето да го сакаат.

*Сабота, 11 април 2026*

## 2. НЕ ВО СВЕТОВНИОТ СЈАЈ

**„Та верата ваша да не почива на човечката мудрост, туку на силата Божја.“ (1. Коринќаните 2,5)**

Исус требало да го извршува своето дело ...не опкружувајќи се со раскош и надворешен сјај, туку обраќајќи се до срцата на луѓето со живот полн со милосрдие и саможртвување...

Христовите следбеници треба да бидат светлина на светот; но Бог не им заповеда да вложуваат напор за да блескаат. Тој не одобрува никаков самозадоволен обид да покажат дека се подобри од другите. Тој сака душата на Неговите следбеници да биде вдахната од начелата на Небото; и тогаш, кога ќе доаѓаат во допир со светот, треба да ја одразуваат светлината која е во нив. Нивната непоколеблива верност во секоја постапка во животот – тоа треба да биде начин на ширење на светлината...

Истакнувањето на она што е надворешно, нема никаква вредност во Божјите очи. Тој го цени она што невидливо и вечно, далеку над сѐ она што е минливо и видливо, . Минливото може да има некоја вредност само и единствено кога го изразува невидливото и вечното. Најодбраниот производ на уметноста не би можел да се мери со убавината на карактерот, кој е плод на Светиот Дух кој дејствува и ја менува душата...

Во Божјето дело човечките напори ќе бидат успешни само онолку колку што работникот е верен и посветен – онолку колку ја от-

крива силата на Христовата благодат која го преобразува животот. Ние мораме да се разликуваме од светот, затоа што Бог го ставил својот печат на нас, затоа што преку нас сака да го покаже својот карактер полн со љубов. Нашиот Откупител нè покрива со својата праведност.

Бирајќи ги луѓето и жените за своја служба, Бог не прашува дали имаат световни богатства, ученост, говорничка вештина. Тој прашува: „Дали одат со таква скромност за да можам да ги научам на своите патишта? Можам ли да ги ставам моите зборови во нивната уста? Дали тие правилно ќе ме претстават?" Бог може да ја употреби секоја личност во онаа мера во која може да го стави својот Дух во храмот на нејзината душа. Делото кое Тој може да го прифати е дело што го одразува Неговиот лик. Неговите следбеници треба да ги носат, како свое овластување пред светот, неизбришливите карактеристики на Неговите бесмртни начела. (МХ 36.37)

Исус бил свесен за безвредноста на земниот лажен сјај и не обраќал никакво влијание на неговото истакнување. По достоинството на својата душа, по возвишеноста на својот карактер, по благородноста на своите начела Тој бил далеку над суетната мода на овој свет. (1СМ 259.260)

*Сабота, 18 април 2026*

## 3. УМНОЖЕНИ БЛАГОСЛОВИ

**„Благодатта и мирот со познавањето на Бог и Христос Исус, нашиот Господ, да ви се умножат. Бидејќи Неговата божествена сила ни подари сè што е потребно за животот и побожноста, а преку познанието на Оној Кој нè повика со Својата слава и совршенство." (2. Петрова 1,2.3)**

Во првата глава на второто Петрово послание ќе најдете ветување дека благодатта и мирот ќе ви се намножат доколку „грижејќи се за ова сестрано, принесете кон верата своја добродетел, а кон добродетелта знаење, кон знаењето воздржување, кон воздржу-

вањето трпение, кон трпението побожност, кон побожноста братољубивост, кон братољубивоста љубов“ (2. Петрово 1,5-7). Тие доблести претставуваат прекрасно богатство...

Зар не би морале многу повеќе да се потрудиме на најдобар начин да го искористиме она малку време кое ни преостана во овој живот на благодатта да додадеме благодат, на силата сила, објавувајќи на тој начин дека на располагање ни стои небесниот извор на сила? Христос вели: „Ми се даде секаква власт на небото и на земјата!“ (Матеј 28,18) Зошто му е дадена таа сила? За да ни ја даде на нас! Тој сака да сфатиме дека се вратил на Небото како наш постар Брат, и дека неограничената сила што ја добил, ни ја ставил и нам на располагање...

Ние треба да го претставуваме Христос со сѐ она што го кажуваме и што го правиме. Ние треба да го живееме Неговиот живот. Начелата според кои Тој раководи треба ја одредуваат и нашата насока на дејствување кон оние со кои доаѓаме во допир. Кога ние самите сигурно сме вкоренети во Христа, имаме сила која не може да ни ја одземе ниту едно човечко суштество (9Т 186.187).

Ненамерното, несвесно влијание на светиот живот претставува најуверлива проповед која може да се одржи во полза на христијанството. Доказот, дури и кога е несоборлив, може да предизвика само противење; меѓутоа, побожниот пример има сила на која никој не може потполно да ѝ се спротивстави. (АА 511)

Преку својот Син, Бог го прикажал степенот на совршенство кој човекот е во состојба да го достигне. Бог нѐ истакнува пред светот како живи сведоци на она што човекот може да стане под влијание на Божјата благодат...

Колку ли само голема чест ни укажува Бог повикувајќи нѐ да бидеме свети во своето подрачје на дејствување, како што Таткото е свет во своето. Со негова сила и ние сме во состојба да го оствариме тоа, бидејќи Тој изјавува: „Ми се даде секаква власт на небото и на земјата!“ (Матеј 28,18) Мојата и твојата предност е што можеме да ја побараме таа неограничена сила! (ХЦ 108)

*Сабота, 25 април 2026*

## 4. ЗА СКРОМНИТЕ И ПОНИЗНИТЕ

**„Понизете се под крепката рака Божја, за да ве воздигне кога ќе дојде времето." (1. Петрово 5,6)**

Да се биде понизен, тоа не треба да значи дека треба да заостанеме во интелектуален поглед, да ја отфрлиме желбата за напредување, кукавички да се однесуваме во животот, да ги избегнуваме одговорностите плашејќи се дека нема успешно да ги носиме. Вистинската понизност ги исполнува Божјите намери потпирајќи се на Неговата сила.

Бог сам бира преку кој ќе дејствува. Тој понекогаш го избира најскромното орудие за преку него да изврши најголемо дело, бидејќи Неговата сила најдобро се покажува во немоќта на човекот. Ние имаме свои мерила и по нив прогласуваме дали е нешто големо, а нешто мало, но Бог не оценува според наши мерила. Ние не смееме да мислиме дека она што е големо во нашите очи мора да биде големо и во Божјите очи; или она што е мало за нас, мора да биде мало и за Него. (COL 363. 364)

Секое фалење за некои наши заслуги е несоодветно... Наградата не се стекнува со дела, за некој да се фали со тоа; сѐ е заслуга на благодатта...

Нема вистинска религија во крунисувањето на самиот себеси. Оној чија цел му е прославување на самиот себе ќе сфати дека е лишен токму од онаа благодат која би го направила успешен во Христовата служба. Кога и да се појави горделивост и самодопаѓање, делото трпи...

Христијанинот кој е христијанин во својот приватен живот, во секојдневното предавање на самиот себе, во искреноста на намерите, во чистотата на мислите, во кроткоста кога е изложен на предизвици, во вера и побожност, во верност кон она што се смета за неважно, христијанинот кој во својот домашен живот го покажува Христовиот карактер – таквиот во Божјите очи е поскапоцен и од во светот признатиот мисионер или маченик...

Тајната на успехот не треба да ја бараме ни во своето образова-

ние, ни во положбата, ни во својот број или доверени таланти, а ниту, пак, во волјата на човекот. Кога ја чувствуваме својата немоќ, треба да размислуваме за Христа, и во Него кој е сила на секоја сила, мисла на секоја мисла, лојален и послушен работник, ќе придобиваме победа за победа... благословена ќе биде наградата на благодатта на оние кои работеле за Господа во едноставноста на својата вера и љубов (COL 401-404)

*Сабота, 2 мај 2026*

## 5. ИЗВОР НА ПОЗИТИВНОТО ВЛИЈАНИЕ

**„Тогаш твојата светлина ќе светне како зора, и твоето здравје наскоро ќе процути, твојата правда ќе тргне пред тебе и славата Господова ќе те придружува." (Исаија 58,8)**

Господ има посебна работа која треба да ја изврши за секој од нас поединечно. Додека ја гледаме расипаноста на светот која излегува на светлината на денот во судовите или за неа се зборува во дневниот печат, да приjдеме поблиску до Господ и со жива вера да се фатиме за Неговите ветувања за да може Христовата благодат да се покаже во нас. Ние во светот може да извршиме влијание, многу силно влијание... Нам пред очите треба да ни биде единствено Божјата слава. Треба да работиме со својата интелигенција што Бог ни ја дал, ставајќи се себеси под влијание на божествената светлина, за Божјата благодат да може да се излее на нас, да нè обликува и прилагоди според Божјиот лик. Небото чека да ги излее своите најбогати благослови на оние кои сакаат да се посветат на Божјото дело во овие последни денови од светската историја. (MYP 26)

Во нас самите нема ништо со што би можеле позитивно да влијаеме на своите ближни. Кога ќе ја сфатиме нашата беспомошност и потреба за божествената сила, нема повеќе да се потпираме на сами себе. Ние не знаеме какви последици може да има еден ден, еден час, еден момент, и затоа секој ден мораме да го започнеме со тоа што своите патишта ќе му ги предадеме на својот небесен Татко. Неговите ангели се одредени да стражарат над нас, и ако се довериме на нивната грижа, во секој момент на опасност тие ќе би-

дат од нашата десна страна. Кога несвесно ќе се најдеме во опасност да шириме негативно влијание, ангелите ќе бидат покрај нас, ќе нè насочуваат кон добро, ќе ги бираат зборовите што треба да ги изговараме, ќе влијаат на нашето однесување. И така нашето влијание може да стане тивка, несвесна, но моќна сила за привлекување на ближните кон Христа и небесниот свет. (COL 341. 342)

Во личното влијание се крие огромна сила. Тоа треба да се соедини со Христовото влијание, треба да воздигнува како што воздигнувал Христос, да ги всадува правилните начела, да го запира ширењето на расипаноста во светот. Преку христијанинот треба да се шири благодатта која единствено Христос ја дава. Тој треба да облагородува, да го разубавува животот и карактерот на ближните со силата на чистиот пример, кој е соединет со искрената вера и љубов. (PK 232)

*Сабота, 9 мај 2026*

## 6. ПРЕПРЕКИ ВО МОЛИТВАТА

Ако сакаме да бидеме блиски со Исуса, мораме да научиме како да се молиме со целото свое срце – без никакво претворање. Таквата молитва ни гарантира дека ќе ја допреме срцевината на проблемот, без оглед за што се работи. Таа исто така гарантира дека Божјата милост ќе се примени во оние делови на нашиот живот во кој најмногу ни е потребно Неговото свето помазание.

Потребно е да бидеме свесни за она што може да го попречи нашиот успешен молитвен живот. Нема да имаме никаква корист ако на Господ му ги упатуваање светите молби, а тие стигнуваат само до таванот. Еве неколку пречки кои луѓето ги градат, а кои го прекинуваат протокот на чиста и искрена комуникација со Бога:

**Непослушност.** Зошто Бог би нè слушал ако сме избрале да не ги слушаме Неговите заповеди и Неговото водство? Саул ја направил заклетвата без да размисли за нејзините последици - речиси ги убил своите војници и својот син Јонатан предизвикувајќи ги да ги прекршат Божјите правила на исхрана. Неговата заклетва звучела чесно, но всушност била многу импулсивна. Дури кога ги

исцрпил сите свои планови, Саул поразен конечно бил приморан да се сврти кон Бога (1.Самоилова 14,24-37).

**Таен грев.** Зошто Бог би ни ја понудил раката да ни помогне, ако својата рака ја држиме зад грбот и во неа го стискаме она што е зло пред Господа? „Да мислев беззаконие во срцето мое, Господ немаше да ме услиши" (Псалм 66,18).

**Тврдоглавост.** Зошто Бог би попуштил пред нашите барања кога тврдоглаво одиме против Него? „И срцата си ги стврднаа како кремен, за да не го слушаат законот и зборовите што ги испраќаше Господ Саваот преку Својот Дух до поранешните пророци; па затоа и ги постигна големиот гнев на Господ Саваот. И како што викав Јас, а тие не слушаа, викаа и тие, но Јас не ги слушав, вели Господ Саваот" (Захарија 7,12.13).

**Себичност.** Зошто Бог би ги излил своите благослови ако ние своите ги чуваме само за себе? „Просите, а не добивате, зашто зло барате, за да го трошите во вашите похоти" (Јаков 4,3).

**Недоверба.** Зошто Бог би ја услишил молитвата ако и понатаму немаме доверба во Него и остануваме неверен Тома? „Но да моли со вера и никако да не се сомнева; зашто оној кој се сомнева, прилега на морски бран, кого ветрот го издига и растура; таков човек нека не мисли дека ќе добие нешто од Господ. Човек што се двоуми во сите свои патишта е непостојан" (Јаков 1,6-8).

Би било неразумно да се молиме на Бога, а да не ги отстраниме сите пречки кои ни стојат на патот за услишување на нашите молитви. Секоја промена почнува од нас самите.

*Сабота, 16 мај 2026*

## 7. ИЗГРАДБА НА МОСТ КОН ОНИЕ КОИ НЕ СЕ ВЕРНИЦИ

Ако твојата цел е да го претставиш Христос на другарот кој е неверник, потребно е со него да изградиш врска на доверба, пред да проговориш за Христа. Изградувањето на мостови кон другите е процес, а не само проект за кој е потребно од Бога дадено трпение и мудрост.

**Настојувај да се изградат мостови:**

- *Искористи ги општествените настани.* Немој да се искучиш од општествените настани само затоа што не сакаш одредени видови на луѓе. Ако не го познаваат Христа, потребно е да досегнеш до нив. Веројатно ќе откриеш дека имате многу заедничко: љубов кон одбојката, љубов кон својот брачен другар. Она што заеднички не го делите е патувањето кон Небото.

*Биди добар слушател.* Употреби ги своите очи и уши. Слушај за што се зборува, кои се потребите на другите и што можеш да направиш за да им помогнеш. Ова можеби нема да биде време за изнесување на евангелието, но поради твоето однесување, прифаќање и слушање, следниот пат ќе ти биде полесно да го изнесеш евангелието и тие да те слушаат.

*Барај прилики за служба.* Преку малите дела на љубезност кон другите ќе добиеш многу прилики да објасниш дека тоа го правиш затоа што си христијанин. Преминувањето од зборови на дела прави да се развива пријателството.

*Служи со своето време.* Понуди се како доброволен работник во некоја болница или младинска организација. Биди тренер на детски фудбалски тим.

*Служи со своите таленти.* Помогни му на соседот или на самохраната мајка со поправки по дома, помогни околу поправањето на автомобилот, направи нешто за некоја друга личност или подготви оброк кој ќе го поделиш со некој кој има потреба.

*Набљудувај како живееш.* Твојот пример на христијански живот ќе направи многу повеќе отколку зборовите во која било книга. Не можеш да живееш како да не го познаваш Господ и тогаш да очекуваш од луѓето да те слушаат кога кажуваш колку Тој ти значи.

*Барај прилики да го посееш духовното семе.* Можеби ќе можеш на неверникот да му дадеш некоја книга за верата, или едноставно преводот на Новиот завет. Христијанската литература може да отиде таму каде што ти не можеш, може да зборува кога ти не можеш и да го изнесува евангелието верно и јасно кога читателот е подготвен да ја земе и да ја слуша.

*Биди трпелив.* Запомни дека градиш мостови кон вистински луѓе, а не само да собираш одлуки за Христа. Немој да се откажеш од своите пријатели. Имаш цел живот за да ги запознаеш со Исус".

*Сабота, 23 мај 2026*

## 8. КАКО ДА СЕ БИДЕ ДОБАР ПРИЈАТЕЛ

Тешко е да се најдат добри пријатели. Познаници, соработници, партнери и колеги се пронаоѓаат во изобилство. Но, вистинскиот пријател е редок и треба да се чува како најголемо богатство. За да стане пријателството добро и трајно, потребно е и двајцата пријатели да работат на него.

Што прави добриот пријател?

**Добриот пријател наоѓа време.** Повеќето пријателства пропаѓаат поради занемарување. Наоѓањето време значи порано да излезеш од работа и со пријателот да отидеш на лекарскиот преглед кој го загрижува, или откажување на некои други обврски за да присуствуваш на првиот настап на пријателот во вокалната група. Пријателите треба да имаат време за значајните животни настани, кризи и радости на пријателот.

**Добриот пријател чува тајна.** Доверувањето на тајни ти помага да го истражиш тоа што ти пречи и да добиеш реакција на она што го чуваш во своето срце. Потребно е да ги кажеш своите тајни на луѓето кои се достојни за доверба, и кои сметаат за предност да го слушнат она што го имаш на ум и тоа да го задржат за себе.

**Добриот пријател искрено се грижи.** Пријателството е невозможно без грижа. Грижата го вклучува и срцето и главата. Грижата вели: Што и да ти се случи тебе, ми се случува и мене. Кога ти си тажен и јас сум, кога ќе ти се случи нешто убаво и јас се радувам.

**Добриот пријател дава простор.** Премногу нападните и емотивни пријатели, кои не знаат што значи да се даде простор на другите, те гушат со своето присуство. Нивната постојана присутност станува угнетувачка и посесивна.

**Добриот пријател ја зборува вистината.** Вистината е предуслов за пријателство. Мора да постои подготвеност да се каже вистината и подготвеност да се сослуша вистината. Пријателите кои

ја избегнуваат вистината можеби во дадениот момент ќе си заштедат малку непријатност, но на крајот ќе го изгубат својот пријател.

**Добриот пријател ги простува грешките.** Секој пријател понекогаш ќе те разочара. Тоа е сигурно. Тоа се обични луѓе. Затоа трајното пријателство зависи од проштавањето. Преку некои грешки треба да се помине и да се заборават; останатите е потребно да се простат. Пријателството нема да трае, ако не постои проштавање и помирување.

**Добриот пријател останува верен.** Тој нема да те напушти кога си во неволја, или кога нешто го чини да остане твој пријател.

**Добриот пријател лесно се смее.** Смеењето е гориво кое прави добрите пријателства да траат. Тој ги оспособува пријателите да си помагаат едни со други среде криза и монотонија.

**Добриот пријател го прославува успехот.** Недвосмислената карактеристика на добриот пријател е способноста да биде со тебе во криза. Но, понекогаш тоа е испит на вистинското пријателство, неговата способност да те поддржува кога сè оди добро. Добриот пријател шири добри вести и се радува на твојот успех.

**Добриот пријател се моли.** Молитвата го доведува пријателството во најдлабоките и највисоките делови на човечкиот дух. Таа го повикува Бога во пријателство и ги дуплира сите добри особини“.

*Сабота, 30 мај 2026*

## 9. МУДРОСТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Колку време поминало откако последен пат сте ја прочитале Библијата? Поминувате ли со Библијата исто толку време како со весниците? Јасно покажуваме дека не ја цениме Божјата мудрост ако не сакаме да го направиме она што е потребно за да ја примиме мудроста која е Божји бесплатен дар.

Бог е конечен извор на сета мудрост. Наместо сами да ја стекнеме, или да се обраќаме на книгите кои зборуваат како да стекнеме мудрост, да му се обратиме на Бога. Сè останато е пропадливо човечко размислување, само Бог е совршен.

**Бог е изворот на бескрајна мудрост**

„Тој ги контролира времињата и годините, соборува цареви и поставува цареви, дава мудрост на мудри и знаење на разумни. Тој открива што е длабоко и сокриено, знае што има во темнината и светлината живее со Него“ (Даниел 2,21.22).

„О, длабочино на богатство, мудрост и знаење Божјо! Колку се несфатливи Неговите судови и неистражливи Неговите патишта! Зашто, кој ја познал мислата на Господ? Или, кој Му бил советник?“ (Римјаните 11,33.34)

**Божјата мудрост е супериорна**

„Тоа не е мудрост која доаѓа озгора, туку земна, душевна, бесовска“ (Јаков 3,15).

„А мудроста, што иде озгора, е најнапред чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри плодови, непристрасна и нелицемерна“ (Јаков 3,17).

„Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање - и ќе му се даде. Но да моли со вера и никако да не се сомнева; зашто оној кој се сомнева, прилега на морски бран, кого ветрот го издига и растура“ (Јаков 1,5.6.).

„Синко, ако ги примиш зборовите на Моите заповеди, и ги зачуваш во себеси, ако увото твое внимателно ја слуша мудроста, ако срцето твое се приклони кон размислување; ако ги повикаш знаењето и разумот*; ако* ги бараш како сребро и ги истражуваш како ризница, - ќе го разбереш стравот Господов и ќе го најдеш знаењето за Бога. Зашто Господ дава мудрост; од устата Негова доаѓаат знаењето и разумот“ (Мудри изреки 2,1-6).

„Надевај се на Господ од сѐ срце и не се потпирај врз твојот разум. По сите свои патишта размислувај за Него, и Тој ќе ти ги покаже твоите патеки“ (Мудри изреки 3,5.6.).

**Пристапи му на Бога понизно и со стравопочит**

„Ќе дојде ли гордоста, ќе дојде и срамот, но мудроста е со смирените“ (Мудри изреки 11,2.)

„Почеток на мудроста е стравот од Господ; здрав разум имаат сите, кои според неа постапуваат. Пофалата Негова пребива вечно“ (Псалм 111,10.).

„Така вели Господ: мудриот да не се фали со мудроста своја, силниот да не се фали со силата своја, богатиот да не се фали со богатството свое. А кој се фали, нека се фали со тоа дека Ме разбира Мене и дека знае дека Јас сум Господ, Кој покажува милост, суд и правда на земјата; зашто само овие работи Ми се угодни, вели Господ“ (Еремија 9,23.24.).

**Твоите одлуки треба да бидат засновани на искрената желба да го прославиш Христа**

„И сѐ што правите со збор или со дело, правете го во името на Господ Исус Христос, благодарејќи Му преку Него на Бога и Отецот“ (Колошаните 3,17).

„И така било да јадете, или да пиете, или нешто друго да правите, сето тоа правете го за слава Божја“ (1. Коринќаните 10,31).

*Сабота, 6 јуни 2026*

## 10. БИБЛИСКИ ПОУКИ – ЦРКВА НА ПРОУЧУВАЊЕ

Проучувањето на библиската поука е централна точка на саботната школа. Тоа претставува систематско проучување на Библијата и осветлува одреден период од историјата на Божјиот народ, истакнувајќи го неговиот подем или пад, зависно од послушноста на Божјото водство. Но, тоа не е само занимавање со одамна измината историја само заради информации, туку и со споредување на нивната ситуација и прилики со нашето време за да извлечеме поуки за нас. „А сѐ што беше порано напишано, за наша поука беше напишано, та преку трпението и преку утехата од Писмата да имаме надеж“ (Римјаните 15,4).

Целта на проучувањето на поуката не е да се поминат сите прашања. Тоа сме го правеле во текот на изминатата седмица во својот дом. Тоа е размена на мислења во класата, подвлекување на она што е најважно и донесување одлуки библиската вистина содржана во поуката да се примени во животот.

Учителот во одделението го води проучувањето. Тој не држи предавање, туку се труди правилно да ја насочи дискусијата и да внимава одделението да не се оддалечи од темата. Исус прашувал и слушал. Тоа е и задача на учителот. Бидејќи поуката ја претставу-

ва црквата на проучување, секој треба во нешто да се ангажира. Оние кои се повлечени и тивки треба да се охрабрат да го изразат своето мислење, некои кои се премногу ревносни во одговорите треба да се замолат да им дадат прилика на другите. Ако некои се во ходникот или дворот, секако дека треба да се викнат и да се вклучат во проучувањето бидејќи и тие се дел од црквата.

Големата цел на проучувањата на библиската поука е секој да се вклучи во истражувањето на библиските вистини да за можат сите да ги искусат благословите. На тој начин сите стануваат учесници во богослужбата. Со тоа многумина ќе се поттикнат редовно и студиозно да ја проучуваат Библијата во својот дом, а во сабота ќе можат да го дадат својот придонес во класата.

*Сабота, 13 јуни 2026*

## 11. ПРИСТАПИ ЗА ДА СЛУШАШ

**„Чувај ја ногата своја, кога одиш во Божјиот дом, и биди готов повеќе да слушаш, отколку да гледаш како безумните принесуваат жртви, зашто тие не знаат дека вршат зло (Проповедник 5,1).**

Заедничката песна, дарот и проучувањето на библиската поука во саботношколските класи се активности во кои сите верници земаат учество. Во вториот дел од богослужението, повеќето верници главно слушаат. Значи ли тоа дека тогаш само говорникот е активен, а останатите пасивни? Тоа е само привидно, а не вистинско. Всушност, секој од нас одлучува дали ќе биде пасивен или активен. Тоа спаѓа во доменот на нашиот слободен избор.

Да се биде присутен со духот и умот или само со телото? Ние можеме да бидеме присутни, но нашите мисли можат некаде да заталкаат. Можеме тивко да разговараме, да гледаме околу себе или да читаме нешто друго, да галиме некое дете или да ги критикувани оние кои се шетаат или нервозно се преместуваат. Некој може и да задрема. Постои многу што може да нè деконцентрира. Овде мораме да бидеме внимателни: бидејќи сатаната ја краде Божјата реч од нашиот ум во само еден момент на невнимание. Исус со причина опоменува: „Кој има уши нека слуша!“ (Матеј 11,15)... Тој

ветува: „Внимавајте што слушате! Со каква мера мерите, со таква ќе ви се мери, и ќе ви се придаде вам, кои слушате“ (Марко 4,24).

**Како да се спротивставиме на овие искушенија?**

Мораме решително да се бориме против сè она што нè деконцентрира. Подготовките во сабота наутро и пред самото богослужение, за што веќе стана збор, ќе ни помогнат во тоа. Тивката молитва, размислувањето, читањето на Библијата пред богослужението ќе ја зголеми нашата концентрација.

„Ние губиме многу мигови на тивок разговор со Бога заради својата несериозност и со тоа што не ги користиме за размислување и молитва” (Одбрани сведоштва, 235).

За време на проучувањето да ја имаме Библијата и да го следиме секој текст. Со читањето на текстот ние активно го следиме излагањето на Божјата реч и се утврдуваме во сегашната вистина. Ако орудието кое ја носи вистината е слабо, „Божјата реч е жива и дејствува и е поостро од секаков меч со две острици“ (Евреите 4,12).

„Зар не е Моето слово како оган, вели Господ, и не е ли како чекан што крши карпа?“ (Еремија 23,29).

Кога Исус зборува за видовите земјишта, тој одговорноста за примањето на семето т.е. Божјата реч ги префрлува на истражувачите и слушателите. Божјата реч има сила, но зависи како се прима.

„Така и Моето слово, што излегува од устата Моја, не се враќа кон Мене празно, туку го исполнува она, што Ми е угодно, и го прави она за што сум го испратил Јас“ (Исаија 55,11).

„И така, секој што ги слуша и ги исполнува овие Мои зборови, ќе биде како мудар човек кој си изградил куќа на камен. И заврна дожд и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, но таа не падна, зашто беше изградена на камен“ (Матеј 7,24.25).

*Сабота, 20 јуни 2026*

## 12. А КОЛКУ ДА СЕ МОЛАМ?

Ако се запрашаме што може да направи молитвата и ако одговорите почнеме да ги бараме во Библијата, ќе дојдеме до многу интересни сознанија.

Молитвата е во состојба да ги подигне луѓето кои се мртви во

гревот. Таа може да ги исцели болните. Може да ја отвори вратата на затворот. Може да ги осуети лошите намери на луѓето. Може да го промени нашиот живот.

Духот на пророштвото советува: „И додека сме преокупирани со својата секојдневна работа, ние можеме да ја подигнеме својата душа кон Небото во молитвата. Овие тивки молитви се искачуваат како милмирис пред престолот на милоста и непријателот е збунет. Христијанинот кој на тој начин се потпира на Бога, не може да доживее пораз“.

Сите ние сакаме Црквата да биде среќна, успешна и напредна. Зошто секојдневно да не му се молиме на Бога за успех? Луѓето кои ја менувале историјата биле луѓе на молитвата. Лутер зборувал: „Понекогаш сум толку зафатен што морам да поминувам три часа во молитва“.

Ние сигурно имаме многу молби кои би сакале да му ги упатиме на Господа. Ние можеме да се молиме за водство на саботното утринско богослужение, можеме да се молиме за учителите во детското одделение, кои од сабота во сабота го носат товарот на работа со децата. Се молиме за младите во Црквата за Бог да им ја зајакне верата и да ги оспособи да му одолеат на искушението.

Се молиме и за оние кои понекогаш во сабота ќе дојдат во црква, за Бог да ги згрее нивните срца и да им всади желба да бидат со неговиот народ. Исто така можеме да се молиме за оние кои од здравствени причини не се во состојба секоја сабота да бидат со нас.

Особено треба да се молиме за оние кои искрено тежнеат за подлабоко искуство со Христа, за да дојдеме во допир со нив и да им помогнеме да дојдат кај Христа.

Црквата која се моли ќе биде проникната со Божјиот Дух; таквата црква мора да напредува. Можеби некој ќе постави прашање: А колку да се молам за мојата молитва да биде услишена?“ Пред повеќе од половина век Џорџ Милер, еден од најголемите молители на светот, почнал да се моли за пет свои пријатели. Првиот од нив му се обратил на Бога по пет години.

Во текот на следните пет години уште двајца нашле мир кај Спасителот. По полни дваесет и пет години четвртиот од нив му го предал своето срце на Христос. За петтиот се молел до крајот на

животот. Тој човек се предал на Христос неколку месеци по Милеровата смрт. За него Милер се молел скоро педесет и две години!

Да бидеме верни и истрајни во своите молитви. Оваа седмица ќе тргнеме во поход по нови искуства со Бога!

*Сабота, 27 јуни 2026*

## 13. СТАВИ ГО БОГА НА ПРВО МЕСТО

Ако си ја напуштил својата прва љубов, сè уште не е доцна да се вратиш.

Можеби вашиот однос со Бога доживува пад или е во стагнација. Можеби ве привлекува светот а црквата ве заморува. Можеби дури и сте ја презреле верата која еднаш сте ја прегрнале. Или можеби само прашувате дали Божјата љубов некогаш пак ќе ви биде достапна.

Исус непрекинато ги повикува своите следбеници да Го сакаат, а не само да му служат. Љубовта секогаш доаѓа пред должноста. Ако студената христијанска служба ја заменила топлата заедница на љубовта која некогаш сте ја имале со Господа, потребно е повторно да го запалите пламенот во своето срце.

Како? Откровение 2,5 нуди план од три чекори за оживување на првата љубов кон Исуса Христа: „Спомни си од каде си паднал и покај се, и врши ги поранешните дела."

**Спомни си!**

*Сети се кој е Исус.* Сети се на своето рано одење со Христос, кога немало сомнеж дека Тој е предмет на твоето обожавање. Потсети се на Неговите особини, способности и Неговата положба како твој Спасител. Сети се на Неговата љубов и жртвата што ја поднел за тебе. Ако го отфрлиш светот, и решиш да го носиш крстот, знај: животот по неговата милост е единствениот вистински живот.

*Сети се кој си ти.* Вистинската заедница со Христа нуди задоволство и благослов, и на Земјата и на Небото. Како послушен верник, имаш ветување дека сите твои потреби – финансиски, физички, емотивни, духовни – ќе бидат исполнети. Оние кои победуваат за Божјото царство ќе примат посебна чест, признание, авторитет и блискост со Него.

**Покај се**

*Сфати ја важноста на покајанието.* Тоа ја обновува и јакне интимноста на твојата освежувачка духовна врска. Покајанието значи промена на мислите и делата. Твојата совест може да те наведе да го согледаш проблемот и да го признаеш, или пријателите можат да ти укажат на грешките, надевајќи се дека ќе го обновиш својот христијански чекор. Во некои сериозни систуации, Бог може да интервенира со божествени дисциплински мерки или да ја отстрани својата заштита за да те врати во заедница со Него.

*Престани да му бидеш неверен на Бога.* Отфрли секаква друга љубов, зашто таа ќе му биде ривал на Исус Христос. Отфрли ја прељубата и идопоклонството. Поделената лојалност е огромно неверство; вистинската љубов ти дава сила да го исчистиш своето срце и да се вратиш кај Него.

**Повторно прави ги првите дела**

*Размислувај со нов ум.* Најпрво употреби го својот разум. Потоа чекор по чекор оди кон вршење на твоите обврски. Запознај го Христовиот ум. Повторно програмирај ги своите мисли. Размислувај за Неговата вистина. Како верник, слично како пеперутката, имаш сѐ што е потребно за да леташ, ако го отфрлиш начинот на размислување на гасеницата.

*Божјото царство нека ти биде приоритет.* Кога некого сакаш, интересите на таа личност стануваат и твои интереси. Исусовиот најголем приоритет било Царството. Тој никогаш не заборавил дека Неговото богатство е на Небото, а не на Земјата. Одразувај ја таа перспектива на вера во своите финансии и средства. Бог некабиде господарот на твоите одлуки; живеј еден по еден ден, немој да се грижиш и верувај во Божјата способност да ги исполни твоите потреби.

*Грижи се за црквата.* Како дел од Христовото семејство, си ја примил заповедта да им помагаш на другите. Теши ги оние кои погрешно разбрале, кои се повредени, отфрлени, уморни или слаби. Охрабрувај ги другите и поттикни ги на дела на љубов и добрина. Проповедај, жртвувај и барај средства за да ги исполниш потребите. Можеби ќе мораш да се соочиш и со љубов да изговориш тешка вистина или да се повлечеш од отпадникот за да немаш удел во неговиот грев. Но, секогаш доволно грижи се да ги охрабриш оние кои се каат поради својот грев. Наша должност е да го носиме товарот на другите.

**Градиво за саботна школа**
За подобра саботна школа 2/2026

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготвил:** Мелита Томовска
**Одговара:** Илија Киров

**За интерна употреба**